Врз основа на член 235 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр.28/2004 и сите последователни измени) и Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (Службен весник на РСМ бр.86 од 28.04.2025 година), Управителот на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ - Скопје, на ден 16.05.2025 година, донесе

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 02-1444
16.05 2025 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

## за определување на трошоци за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција и трошоци за празнење на инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација

### Член 1

(1) Со оваа Одлука се утврдуваат трошоците за исклучување и повторно приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција, трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот, празнење на внатрешната грејна инсталација заради изведување на сервисни активности, кои потрошувачот ги плаќа на операторот на системот за дистрибуција.

### Член 2

(1) Приклучувањето на топлинската потстаница (мерно место) на системот за дистрибуција не се наплатува.

### Член 3

(1) За потрошувачите кои бараат својата топлинска потстаница (мерно место) да ја исклучат од системот за дистрибуција, согласно член 14 од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, важат следниве трошоци:

1. Фиксни трошоци по интервенција.......................................................500 денари
2. Трошоци за испуштена ХПВ (хемиски припремена вода) во грејна сезона (денари/$m^3$).....................................................312 денари
3. Трошоци за испуштена ХПВ (хемиски припремена вода) надвор од грејна сезона (денари/$m^3$)........................................144 денари
4. Исклучување на топлинска потстаница/мерно место.........................200 денари

(2) Трошоците од став 1 на овој член важат и за присилни исклучувања на топлински потстаници (мерни места) по барање на снабдувачот, согласно постапката за исклучување на потрошувач од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија.

(3) Трошоците за повторно приклучување на потрошувачот кој присилно е исклучен од страна на операторот на системот за дистрибуција, во случаи кога потрошувачот предизвикал дерегулација на системот, кога ја загрозува безбедноста на извршителите и функционалноста на системот заради техничка неисправност на

грејната инсталација и опремата во топлинската потстаница (согласно постапката за исклучување на потрошувач од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија), се повисоки за 100% од трошоците кои важат за исклучување на потрошувачот по барање, согласно став 1 од овој член.

(4) На целиот износ од став 1 се пресметува данок на додадена вредност.

**Член 4**

(1) Трошоците за потрошувачите кои бараат празнење на внатрешната грејна инсталација на објектот заради изведување на сервисни активности, приклучување или исклучување на/од внатрешна грејна инсталација се утврдени во Одлука за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач, објавена на веб страната од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје.

(2) Трошоците за празнење на внатрешната грејна инсталација не се наплатуваат ако потрошувачот пријавил дефект од истекување, потврден од страна на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје.

**Член 5**

(1) Оваа Одлука стапува во сила со одобрувањето на истата од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**Член 6**

(1) Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на корисник од/на topловодна дистрибутивна мрежа и трошоци за празнење на грејна инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација на објектот бр.02-2460 од 16.07.2015 година, како и сите други вакви слични акти кои се поврзани со истата.

**ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА**
**ДООЕЛ-Скопје**

**Управител**
**Петар Милетиќ**

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ